РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул,,7-ми септември бр.4,, кон.тел/045 274 810 e-mail/ mak_brod @yahoo.com

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** — **05.12.2011година**
**Општина Македонски Брод** — **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** — **Број 10 – 2011 год**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот**

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта во општина Македонски Брод за 2012 година**

**Се прогласува Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта во општина Македонски Брод за 2012 година, што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.11.2011година.**

**Бр.08- 980/18**
**05.12.2011год**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за изградба,одржување и заштита на локални патишта во општина Македонски Брод за 2012 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за изградба,одржување и заштита на локални патишта во општина Македонски Брод за 2012 година ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2011 година.

Бр.08- 980/18
05.12.2011година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1, т.12 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Ноември 2011 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## За усвојување на Програмата за изградба , реконструкција , одржување и заштита на локални патишта во општина Македонски Брод за 2012 година

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Програмата за изградба , реконструкција , одржување и заштита на локални патишта во општина Македонски Брод за 2012 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 980/3
30.11.2011 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Драге Јосифоски с.р.

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ,КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ,ЛЕР И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

# П Р О Г Р А М А ЗА ИЗГРАДБА,РЕКОНСТРУКЦИЈА,ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012ГОДИНА

Ноември 2011, Македонски Брод

Врз основа на член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30 Ноември 2011 година,ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**за изградба , реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2012 година**

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Согласно надлежностите произлезени од Законот за локална самоуправа,Општина Македонски Брод ја изготви Програмата за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод.

Со оваа програма се планираат активностите на општината Македонски Брод за изградба ,реконструкција одржување и заштита на локални патишта и улици на подрачјето на општината Македонски Брод за 2012 година.

При изготвување на програмата се има во предвид дореализацијата на планираните активности од 2011 година,постојната состојба на инфраструктурата, барањата на месните заедници и граѓаните ,согледувањата на општинската администрација и можностите за обезбедување на финаснсиски средства.

## 2.АКТИВНОСТИ

### 1. Доасфалтирање на целата локална патна мрежа во општината

Согласно евиденцијата која се води во општината Македоски Брод на крајот на 2011 година локалната патна мрежа е следната:

-модернизирани – асвалтирани локални патишта 76.70 км или 38.22%
-тампонирани локални патишта 17.80 км или 8.87 %
-земјани локални патишта 90.60 кмили 45.14%
-непробиени локални патишта 15.60 км оли 7.77%
-вкупна должина 200.70км

Согласно Програмата на Владата на РМ за рехабилитација и реконструкција на локалната патна мрежа финансирана со заем од страна на Светска банка и Европска банка за обнова и развој за општината Македонски Брод определени се средства за оваа намена во износ од **1.283.052** евра и се опфатени следните патни правци:

-Заем од Светска банка ....................................................**739.386** евра

-Локален патен правец Вардиште -с.Долно Крушје

-Локален патен правец Р104-с.Зркле

-Локален патен правец Р104-с.Требовље

-Локален патен правец  с.Заград-с.Волче

-Заем од Европска банка за обнова и развој.......................**543.666** евра

-Локален патен правец Р104- с.Лупште

-Локален патен правец мост-с.Близанско

-Локален патен правец Мала река-с.Калуѓерец

-Локален патен правец Р104-с.Звечан

За реконструкција на локалниот пат од с.Самоков до с.Ковач планирани се финансиски средства во износ од 4.000.000 денари(за оваа активност Општина Македонски Брод има аплицирано до АФПРРЗ )

За доасфалтирање на целата локална патна мрежа во општината предвидени се финансиски средства во износ од **85.000.000 денари,**во кој износ се вклучени и заемите од Светска банка и Европска банка за обнова и развој.

**2.Изградба –модернизација и реконструкција на следниве улици:**

-Ул.,,Мирче Ацев“ крак 1,2,3 и 4
-Ул.,,Илинденска“крак 1,2 и 3
-Ул.,,Козара“
-Ул.,,Цветан Димов“
-Ул.,,Орце Николов“
-Ул.,,Глигор Прличев“
-Ул.,,Партизанска“-крак
-Ул.,,Сутјеска“-крак
-Ул.,,Даме Груев“,
-Ул.,,Димитар Влахов“
-Ул.,,Пере Тошев“
-Ул.,,7-ми Септември“крак споменик
-Ул.,,Ѓуро Ѓаковиќ“
-Ул.,,Иво Лола-Рибар“

- Тампонирање на улици во селски населени места по барања на МЗ

- Изградба на пешачка улица – крак ул.,,Маршал Тито“кон градски стадион

Износот на предвидените средства за оваа активност е **23.000.000 денари**.

**3  Изработка на проектна документација**

-За изработка на проектна документација и ревизии за локални патишта и улици се предвидуваат средства  во износ од ............................................................**1.300.000,00** денари.

**4. Изградба на мостови**

Во Програмата за 2011 година планирано беше да се изградат мостови и истите се предвидуваат и во оваа Програма и тоа:

-мост на р.Ковачка во износ од ........................................................ 400.000
-мост на р.Црнешница во износ од ................................................. 400.000
-пешачки мост во с.Зркле во износ од ............................................ 250.000
-пешачки мост во с. Белица во износ од ....................................... 250.000
-мост во с.Слатина во износ од .......................................................400.000
-реконструкција на мост за с.Крапа..................................................120.000
-мост во с.Ковче на р.Мала река.......................................................360.000

**Вкупно: ..................................2.180.000,00 денари**

**5. Зимско одржување на локалните патишта и улици**

За одржување на локалните патишта и улици во текот на зимскиот период и набавка на приклучна опрема за чистење на снег,општината предвидува средства во износ од **1.980.000 денари.**

**6.Уредување на кејот и изградба на патека за пешачење ,трчање и други спортски активности покрај речното корито во централното градско подрачје**

**7. Поставување на бекатон плочки на тротоарите каде што нема**

**8. Санирање на постојните улици,усогласување на нивелетата со постојните шахти**

**9. Реконструкција на улица „Партизанска“**

**10. Реновирање на оштетените делови на каналот на улиците „Илија Игески Цветан“ и „Партизанска“**

**11.Доизградба на каналот „Лоштица“ до излезот во реката „Треска“**

## 3.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА АКТИВНОСТИТЕ СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

**ЈД.ИЗГРАДБА – МОДЕРНИЗАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ**

| Ред.бр. | Активности | Износ во денари |
|---|---|---|
| **1.** | **Изградба –модернизација и реконструкција на следниве улици:**<br><br>**-Ул.„Мирче Ацев“ крак 1,2,3 и 4**<br>**-Ул.„Илинденска“крак 1,2 и 3**<br>**-Ул.„Козара“**<br>**-Ул.„Цветан Димов“**<br>**-Ул.„Орце Николов“**<br>**-Ул.„Глигор Прличев“**<br>**-Ул.„Партизанска“-крак**<br>**-Ул.„Сутјеска“-крак**<br>**-Ул.„Даме Груев“,**<br>**-Ул.„Димитар Влахов“**<br>**-Ул.„Пере Тошев“**<br>**-Ул.„7-ми Септември“крак споменик**<br>**-Ул.„Ѓуро Ѓаковиќ“**<br>**-Ул.„Иво Лола-Рибар“**<br><br>**- Тампонирање на улици во селски населени места по барања на МЗ**<br><br>**- Изградба на пешачка улица – крак ул.„Маршал Тито“кон градски стадион** | **23.000.000** |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **-Модернизација на локалниот пат за село Ковач во должина од 1.2 км** | **4.000.000** |
| **3.** | **Поставување на бекатон плочки на тротоарите каде што нема** | **900.000** |
| **4.** | **Санирање на постојните улици,усогласување на нивелетата со постојните шахти** | **250.000** |
| **5.** | **Реконструкција на улица „Партизанска“** | **450.000** |
| **6.** | **Реновирање на оштетените делови на каналот на улиците „Илија Игески Цветан“ и** | **120.000 активностите се при крај** |

| | | |
|---|---|---|
| | **„Партизанска“** | |
| **7.** | **Доасфалтирање на целата локална патна мрежа во општината** | **85.000.000** |
| | **ВКУПНО:** | **113.720.000** |

## Ј6..ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на локалните патишта и улици во текот на зимскиот период** | **1.500.000** |
| **2.** | **Набавка на приклучна опрема за чистење на снег** | **480.000** |
| | **ВКУПНО:** | **1.980.000** |

## ЈД..ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И РЕВИЗИИ

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| **1.** | **- Изработка на проектна документација и ревизии за локални патишта и улици** | **1.300.000** |
| | **ВКУПНО:** | **1.300.000** |

## ЈД.ИЗГРАДБА НА МОСТОВИ

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| **1.** | **-мост на р.Ковачка<br>-мост на р.Црнешница<br>-пешачки мост во с.Зркле<br>-пешачки мост во с. Белица<br>-мост во с.Слатина<br>-реконструкција на мост за с.Крапа<br>-мост на р.Мала река за с.Ковче** | **400.000<br>400.000<br>250.000<br>250.000<br>400.000<br>120.000<br>360.000** |
| | **Вкупно:** | **2.180.000** |

## ЈД. УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ - kejot

| Ред. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|

| Бр. | | |
|---|---|---|
| 1. | **Уредување на кејот и изградба на патека за пешачење ,трчање и други спортски активности покрај речното корито во централното градско подрачје** | **6.500.000** |
| | **Вкупно:** | **6.500.000** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | **125.680.000** |

**4. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.07-980/3

30.11.2011г.

Македонски Брод

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**ДРАГЕ ЈОСИФОСКИ с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за Локален развој на општина Македонски Брод за 2012 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за Локален развој на општина Македонски Брод за 2012 година ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2011 година.

Бр.08- 980/18
05.12.2011година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ,КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ,ЛЕР И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

# ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ

# НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ЗА 2012 г.

**Ноември 2011,Македонски Брод**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр.05/2002) и член 21 став 3 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник“ бр.02/03),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30 Ноември 2011 година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ

# НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012 ГОДИНА

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Програмата за локален развој се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот на децентрализација согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработените проценки и анализи на заедницата во сите тематски области во кои локалната самоуправа има законски надлежности или е во фаза на нивно превземање од централно на локално ниво.Во рамките на тие активности подготвена е Стратегија за локален развој на општината Македонски Брод за периодот од 2008 до 2013година,а изготвен е и Акционен план за операционализација на стратегијата .Воедно подготовката на програмата е согласно насоките на Европската Унија за користење на ИПА фондовите,што во основа ја имаат неопходноста од примена на оваа методологија за подготовка на програми за работа и буџетско планирање.

Процесот на планирање на програмата е базиран врз непосредното учество од страна на јавните институции,бизнис заедницата и граѓанското општество,преку заеднички напори кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив развој

## 2.ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Секторот за урбанизам,комунални дејности,ЛЕР и заштита на животната средина преку одделението за комунални дејности и ЛЕР,согласно своите надлежности и задолженија,а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој,според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети ја базира Програмата за локален развој за буџетската 2012 година,која пак обезбедува Операционализација на Стратегијата за локален развој.

### 1.Изработка на промотивни материјали-брошури

Општина М. Брод располага со поголем број на природни и туристички локалитети но поради недоволна промовираност има мал број на туристи посетители, намалена вработеност која придонесува до намалување на стандардот на населението. Со реализација на еден ваков проектот се предвидува да се изготви брошура со историски знаменитости и локалитети,цркви,манастири,пештери,традиционални обележја, културно наследство , туристички локалитети и можностите за развој на бизнис во Општина Македонски Брод. Овие материјали би биле дистрибуирани низ нашата држава при што очекуваме да се зголеми бројот на туристите,вработеноста и подигање на животниот стандард на населението.Според Акциониот планирани се 5000 примероци. Моментално Одделението за комунални дејности и ЛЕР работи на проект за изработка на флаери со одредена тематика.

### 2.Изработка на инвестиционен водич за афирмирање на бизнис можностите во општината

Општина М.Брод има потенцијал за инвестиции. Но поради немање на доволно информации за нашите потенцијали на идни инвеститори имаме слаб економски развој и туризам. Со инвестициониот водич т.е. од неговата изработка се очекува да се промовира индустриска зона, како и локалитетите за развој на туризмот со попратни информации за потребните документи за одреден проект.

Со изработката на овој водич се овозможува реализација на мерките и активностите предложени од Советот на Општина Македонски Брод:

-поттикнување на развојот на стопанството во Општина Македонски Брод;

-лесен пристап на информации за стопанските субјекти со што се обезбедува соработка со стопански субјекти од други општини,како и изнаоѓање на пазари на сопствените стопански субјекти.

Исто така за афирмирање на можностите за водење бизнис кои ги нуди општината е и изработката и дистрибуцијата на мултимедијални CD-а, застапеноста на интернет (преку постоечката општинска web страница или изработка на нов портал специјализиран за бизнис).

Како очекуван резултат од оваа мерка е поголема афирмација на бизнис климата во општина Македонски Брод до зголемена атрактивност на општинските бизнис и претприемачки потенцијали.

### 3.Отворање на информативен центар за промоција на нашата општина

Одделението за комунални дејности и ЛЕР во соработка со волонтерот на Мировниот корпус дојде до идеја за развој на проект за отварање на информативен центар за културна и туристичка промоција на нашата Општина.За таа цел Советот на Општина Македонски Брод донесе Одлука за поставување на ваков објект во централното градско подрачје,а Одделението е во фаза на подготовка на овој проект.

**4.Означување на населени места,природни убавини и природни реткости**

Нашата општина има 51 населено место,но состојбата со означување на тие места е загрижувачка.Поради недостигот на знаци за обележување на населените места и природните убавини доаѓа до намалување на бројот на посетителите. Поради овие причини потребно е да се означат населените места и природните убавини. Општината во оваа програма предвидува реализација на овој проект кој ќе се овозможи зголемен број на туристи кои ќе ги запознаат природните и културните богатства на Поречкиот крај со што се зголемуваат можностите за развој на туризмот во нашата Општина.

**5.Урбанизација и изградба на комунална инфраструктура во индрустриската зона**

Општината Македонски Брод не располага со уредена локација за развивање на индустријата, односно таканаречена индустриска зона што претставува еден од виталните предуслови за влез на домашни и странски инвестиции кај нас.Поради тоа општината планира урбанизација и изградба на комунална инфраструктура во индустриската зона, со што ќе се зголеми бројот на вработени во општината и ќе се подобри животниот стандард на населението.

**6.Поврзување на локалитетот Пешна со Девини Кули и изградба на трим патека до чешмата Св.Петка**

Поради неуредените пристапни патеки и нивната не поврзаност има намалена посетеност,на наведените природни убавини.Ваквата состојба пројавува потреба од нивно уредување и поврзување.Особено атрактивно би била поврзаноста на локалитетот Пешна со Девини кули со мост и изградбата на трим патеката до чешмата Св.Петка. Со тоа ќе се овозможи непречен и безбеден пристап до истите, што ќе доведе до зголемена можност за развој на туризмот , промоција на нашиот крај,како и зголемување на вработеноста.

**7.Идентификување ,обележување и мапирање на пешачки и велосипедски патеки**

Општина М.Брод има природни услови за обележување на велосипедски и пешачки патеки. Со реализација на ваквиот проект идентификација, обележување и мапирање на пешачки и велосипедски патеки очекуваме пред се да зголеми развојот на спортот и спортските активности кај населението од нашата Општина и посетеноста на домашни и странски туристи.

**8.Отварање на Бизнис клуб во рамките на Општина Македонски Брод**

Општина Македонски Брод преку Одделението за комунални дејности и локален економски развој планира да покрене иницијатива за формирање на Бизнис клуб врз основа на ажурирана база на податоци. Преку информативен состанок каде ќе бидат поканети сите претпријатија од Општината , ќе се евидентираат сите заинтересирани страни за формирање на Бизнис клубот. По неговото формирање ќе се назначи одговорно лице од страна на Одделението за ЛЕР кој ќе ги координира и организира активностите на Бизнис клубот. Преку клубот ќе се даваат следите услуги (ќе наведеме само неколку поважни):

- Покренување иницијатива за формирање на Бизнис клуб на претпријатија од Општина Македонски Брод ,
- Организирање на редовни состаноци меѓу Бизнис клубот, претставници од органите на општината и Градоначалникот,
- Поврзување на Бизнис клубот со други Бизнис организации,
- Подготовка на разни манифестации од сферата на бизнисот,
-Организирање и спроведување на обуки, работилници и семинари наменети за кадарот во стопанските субјекти во соработка со други надлежни институции и организации (пример Управување со човечки ресурси, правна помош на фирмите итн.),

Со тоа се овозможува подобрување на бизнис климата во општината преку отварање на нови бизниси и проширување и развивање на постоечките преку зацврстување на соработката помеѓу локалната самоуправа и бизнис секторот и негово префрлање на едно ново, повисоко квалитативно ниво

**9.Формирање на општинско информативно гласило и ажурирање на општинската Веб страница**

Единицата на Локалната самоуправа Македонски Брод се залага за јавно,демократско и транспарентно работење.За таа цел со оваа програма се предвидува да се состави тим од локалната самоуправа кој би изготвувал општинско информативно гласило.Содржината на ова гласило ќе биде исполнета со активности и случувања во рамките на Општина Македонски Брод,а временската динамика на излегување од печат на секои три месеци.Во интерес на транспарентноста нашата општина има и своја Веб страница која тековно ке се ажурира од страна на лице од локалната самоуправа назначено за таа цел.

**10.Поддршка и учество на општински културни и спортски промотивни манифестации**

Промотивните манифестации како што се “Поречки средби”, “Костенијада”и “Велигденски кули” овозможуваат организирано претставување и промовирање на поречката традиционална храна,поречките обичаи и носии кои се доста специфични и атрактивни.Општината Македонски Брод активно се вклучува во организирањето и реализирањето на овие манифестации.Како културна манифестација исто така е и манифестацијата „Потписи на срцето“која Општина Македонски Брод финансиски ја поддржува,а треба да се спомене и спортската манифестација „Турнир во мал фудбал“.

### 11.Учество на Саемот на општините во Република Македонија

Општина Македонски Брод во 2012 година планира да земе активно учество во Саемот на општините, што се организира од страна за ЗЕЛС, со цел промоција на специфичностите и карактеристиките на општините во Република Македонија.Оваа година нашата Општина ќе формира свој организационен тим и ќе се претстави со сопствен штанд.Општините на овој саем ги презентираат нивните активности,постигнати резултати и идни проекти  и граѓаните имаат можност да се запознаат поблиску со работата на општините.Општините пак имаат можност  да развијат меѓуопштинска соработка и размена на искуства и идеи.

### 12.Активна соработка со невладини организации и бизнис секторот и поттикнување на јавни-приватни партнерства

Општина Македонски Брод во текот на целата година е отворена  за соработка со НВО и бизнис секторот,Месни заедници и Здруженија на граѓани со цел развојна соработка и партнерско развивање на проектни предлози и идеи како и финансирање на издржани и оправдани проекти од помал обем.Општината Македонски Брод преку Одделението за Лер и комунални дејности,планира да покрене иницијатива за формирање на Бизнис клуб врз основа на ажурирана база на податоци.Преку информативен состанок каде ќе бидат поканети сите претпријатија од општината,ќе се евидентираат сите заинтересирани страни за формирање на Бизнис клубот.Формирањето на овој клуб би придонел за подобрување на бизнис климата во општината и зацврстување на соработката на локалната самоуправа со бизнис секторот.Одделението за Лер и комунални дејности исто така има за цел поддршка и помош на НВО и заедницата за  решавање на своите проблеми,нудење можности и идеи за креирање подобра иднина за себе и општеството.

### 13.Организирање на разни форуми и состаноци со заинтересираните граѓани и НВО за разни отворени прашања во општината

Одделението за комунални дејности и ЛЕР има заложба за поттикнување на граѓанското учество во процесот на креирање локална политика. Остварувањето на истото може да се спроведе во повеќе форми, а како проверени во праксата се смета организирањето на разни форуми и состаноци на кои би се дискутирало, па и дебатирало на разни отворени и актуелни прашања во општината.

Со ова се доаѓа до добивање на поквалитетни решенија и проекти преку вклучувањето на граѓаните и нивните организации кои сега, освен како крајни корисници, се појавуваат и како активни чинители во процесите на креирање и одлучување во локалната политика.

**14.Локално учество за реализација на проектни активности како и во подготовка и реализација во меѓународни проекти согласно дефинираните приоритети предвидени со Стратегијата за локален развој на општината Македонски Брод**

Планирањето на локалниот развој,неминовно ја бара потребата од вклучување на Локалната Самоуправа во подготовка и реализација на проекти како на домашно ниво така и на меѓународно.Ова е посебно важно поради фактот дека можноста за користење на Европските фондови(ИПА аранжманите) неминовно го наметнува условот за финансиска партиципација на нашата Општина.Што се однесува пак на домашно ниво,Општината планира целосно,партиципативно или партнерско финансирање  и имплементирање на проекти од сите области со цел за одржлив локален развој.

**15.Активности по препорака од Советот на општината**

Одделението за комунални дејности и ЛЕР по препорака од Советот на општината во својата Програма ги вметнува и следните мерки и активности во однос на олеснување и поттикнување на развој на стопанството во општина М.Брод:

-Лесен,брз и едноставен начин на добивање на потребната документација за изградба на производни погони за таа цел општинската администрација ќе обезбеди услови и начини за брзо обезбедување на документација за изградба на производни погони;

-Општината ќе обезбеди  лесен пристап на информации за стопанските субјекти во однос на проекти и донации;

-Општината ќе поттикнува и ќе ги подржува странските партнерства со  стопански субјекти од општината;

-Општината ќе обезбеди соработка и изнаоѓање на пазари на сопствените стопански субјекти.

## 3.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ВО БУЏЕТСКИ ПОДПРОГРАМИ СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

Предлозите под ред.бр.6 во буџетската подпрограма Г1 и под ред.бр.10,11 и 12 во буџетската подпрограма Г2 се предлози произлезени од буџетскиот форумски процес кој е во фаза на реализација во Општина Македонски Брод,преку имплементирачката организација МЦМС(Македонски центар за меѓународна соработка) ,а во соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка.

### Г1.ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Активна соработка со невладини организации и бизнис секторот и поттикнување на јавни-приватни партнерства | 400.000 |
| 2. | Организирање на разни форуми и состаноци со заинтересираните граѓани и НВО за разни отворени прашања во општината | 150.000 |
| 3. | Локално учество за реализација на проектни активности како и во подготовка и реализација во меѓународни проекти согласно дефинираните приоритети предвидени со Стратегијата за локален развој на општината Македонски Брод | 4.200.000 |
| 4. | Состаноци со бизнис секторот | 50.000 |
| 5. | Имплементација на приоритетни проекти од Форуми во заедницата | 3.500.000 |
| 6. | Брендирање на Велигденските кули кои се уникатни на Балканот и пошироко | 240.000 |
| 7. | Изработка на студија за бизнис инкубатор | 140.000 |
| | ВКУПНО | 8.680.000 |

### Г2. ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ

| Ред.бр. | Активности | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на промотивни материјали | 50.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| **2.** | **Изработка на инвестиционен водич за афирмирање на бизнис можностите во општината** | **100.000** |
| **3.** | **Отворање на информативен центар за промоција на нашата општина** | **150.000** |
| **4.** | **Означување на населени места,природни убавини и природни реткости** | **50.000** |
| **5.** | **Поврзување на локалитетот Пешна со Девини Кули и изградба на трим патека до чешмата Св.Петка** | **300.000** |
| **6.** | **Идентификување ,обележување и мапирање на пешачки и велосипедски патеки** | **50.000** |
| **7.** | **Формирање на општинско информативно гласило и ажурирање на општинската Веб страница** | **120.000** |
| **8.** | **Поддршка и учество на општински културни и спортски промотивни манифестации** | **300.000** |
| **9.** | **Учество на Саемот на општините во Република Македонија** | **400.000** |
| **10.** | **Проект за развој на селски туризам (реновирање на стари автентични куќи)** | **420.000** |
| **11.** | **Развивање на спелеолошки туризам** | **600.000** |
| **12.** | **Создавање на услови за ловен и други видови на алтернативен туризам** | **900.000** |
| | **ВКУПНО** | **3.440.000** |

**ГА.ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ**

| **Ред.бр.** | **Активност** | **Износ во денари** |
|---|---|---|
| **1.** | **Урбанизација и изградба на комунална инфраструктура на индустриската зона** | **4.950.000** |

| **ВКУПЕН ПРОГРАМСКИ БУЏЕТ:** | **17.070.000 ден.** |
|---|---|

**4.ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.07-980/4

30.11.2011г.

Македонски Брод

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**ДРАГЕ ЈОСИФОСКИ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1, т.11 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Ноември 2011 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## За усвојување на Програмата за Локален развој на општина Македонски Брод за 2012 година

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Програмата за Локален развој на општина Македонски Брод за 2012 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 980/4 — Совет на општина Македонски Брод

30.11.2011 година — П р е т с е д а т е л,

Македонски Брод — Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за развој на културата во општина Македонски Брод за 2012 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за развој на културата во општина Македонски Брод за 2012 година ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2011 година.

Бр.08- 980/18
05.12.2011година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ,КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ,ЛЕР И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012ГОДИНА

**Ноември 2011,Македонски Брод**

Врз основа на член 7 точка 3 од Законот за култура (Сл.весник на РМ бр.59/03-пречистен текст), член 22 став 1 точка 5 и член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод(Сл.гласник бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30 Ноември 2011година , ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
# ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
# за 2012година

## 1. Ц Е Л И

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на општина Македонски Брод кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните во областа на културата:
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Македонски Брод;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на општина Македонски Брод;
- Создавање услови за квалитетно културно жиеење, соодветно на статусот на општина Македонски Брод;
- Промовирање и поддржувњае на нови идеи и проекти што ја афирмираат општина Македонски Брод како развиен културен центар;
- Интензивирање и збогатување на меѓународната културна соработка.

## 2. А К Т И В Н О С Т И

- Активностите на општина Македонски Брод во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма;

Во таа смисла ќе се спроведуваат активностите за:

- Сочувување на континуитетот на одржувањето на традиционалните културно-уметнички манифестации со потврдени квалитети и присутен голем интерес на граѓаните;
- Реализирање на манифестации, програми и проекти со современи содржини кои квалитетно го збогатуваат културниот живот на општината;
- Помагање на манифестациите на младите со културни-уметнички и забавно-едукативни содржини;
- Претставување во општината во Република Македонија и странство на афирмирани уметници, ансамбли и институции, како и на млади творци и интерпретатори, во согласност со утврдени критериуми;
- Поддржување на откривањето и презентирањето на нови сознанија за материјалното и духовното наследство за општина Македонски Брод;
- Издавање публикации за историското наследство, културната традиција, современиот културен живот и уметничкото творештво во општина Македонски Брод

-Унапредување на меѓународната - културна комуникација врз реципрочна основа со други градови од земјата и странство;
-Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

## 3. Ф И Н А Н С И Р А Њ Е

Активностите на општина Македонски Брод од областа на културата, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средствата на Буџетот на општина Македонски Брод за 2012 година, средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорства и донации.
При реализација на Програмата, Општина Македонски Брод ќе ги поддржува организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:
- Буџетот на Република Македонија за 2012 година (преку надлежните министерства);
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство; и други извори

## 4.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ ВО БУЏЕТСКИ ПОДПРОГРАМИ

Предлозите под ред.бр.5,6,7,8,9,10,11,12 и 13 во буџетската подпрограма К4 се предлози произлезени од буџетскиот форумски процес кој е во фаза на реализација во Општина Македонски Брод,преку имплементирачката организација МЦМС(Македонски центар за меѓународна соработка) ,а во соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка.

### К4. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНО – ПРОМТИВНИ МАНИФЕСТАЦИИ

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | **Поддршка на културно-промотивни манифестации:<br>- Велигденски Кули;<br>- Костенијада;<br>- Поречки средби;<br>- Потписи на срцето** | <br><br>210.000<br>300.000<br>400.000<br>100.000 |
| 2. | **Трансфер кон здруженија и институции за промоција на книжевно творештво и културното наследство** | 150.000 |
| 3. | **Одржување на постојните спомен** | 120.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | **обележја** | |
| 4. | **Културни активности за одредени прослави,манифестации и јубилеи** | 300.000 |
| 5. | **Хепенинг по повод 7ми Септември-ослободување на Македонски Брод** | 80.000 |
| 6. | **Свечено организирање на дочек за Нова година на градскиот плоштад** | 60.000 |
| 7. | **Обновување на детскиот фестивал „Распеано бродче“** | 300.000 |
| 8. | **Проект за поддршка и организирање на традиционална ликовна колонија** | 90.000 |
| 9. | **Поддршка на верскиот обичај – фрлање на крстот во склоп на православниот празник Водици** | 40.000 |
| 10. | **Финансиска поддршка на КУД „7ми Септември“** | 40.000 |
| 11. | **Организација на ракија фест** | 90.000 |
| 12. | **Отварање на градска читална** | 20.000 |
| 13. | **Одржување на традицијата „Велигденски кули“со паралелно одржување на ликовна колонија на таа тема** | 40.000 |
| | **Вкупно** | 2.340.000 |

## КА. ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА КУЛТУРНО - ИСТОРИСКИ И ЕТНОЛОШКИ МУЗЕЈ

| Ред.бр. | Активности | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | **Реставрација на зградата** | 743 000 ден. |
| 2. | **Опремување и уредување на зградата** | 615 000 ден. |
| 3. | **Прибирање на културно и етнолошки материјали** | 61 500 ден. |
| 4. | **Откуп на експонати од приватни акционери, иматели, алтернатива донација** | 307 500 ден. |
| 5. | **Партерно уредување** | 123 000 ден |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | 1.850.000 ден. |

**За буџетската 2012 година за реализација на горе споменатите проекти се предвидени средства во висина од 4 .190.000 денари.**

## 5.ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.07-980/5

30.11.2011г.

Македонски Брод

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**ДРАГЕ ЈОСИФОСКИ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 , т. 11 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Ноември 2011 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## За усвојување на Програмата за развој на културата во општина Македонски Брод за 2012 година

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Програма за развој на културата во општина Македонски Брод за 2012 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 980/5

30.11.2011 година

Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод

П р е т с е д а т е л,

Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 т.11 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Ноември 2011 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### За усвојување на Програмата за социјална заштита на општина Македонски Брод за 2012 година

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Програма за социјална заштита на општина Македонски Брод за 2012 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 980/6
30 ноември 2011год
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Драге Јосифоски с.р

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
# ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012ГОДИНА

Ноември 2011,Македонски Брод

Врз основа на член 3, член 11 и член 12 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ бр.79/09, 36/11 и 51/11), член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), и член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30 Ноември 2011 година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

## за социјална заштита во Оштина Македонски Брод за 2012 година

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Социјалната заштита како дејност од јавен интерес, е систем на мерки,активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот,за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Како носители на социјалната заштита се Републиката односно Владата на Република Македонија која донесува Национална програма за развојот на социјалната заштита и општините кои обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со закон и донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита.

Програмата за социјална заштита на општина Македонски Брод за 2012 година,има за цел подобрување на пристапот и квалитетот на социјалната заштита како и мерките и активностите преку кои општината ќе ја спроведува социјалната заштита за поедини категории на семејства да добијат соодветен третман и заштита од социјален ризик,совладување на овие ризици како и за девијантни појави и однесувања.

Програмата за социјална заштита во општина Македонски Брод за 2012 година,се носи согласно Националната програма за развој на социјалната заштита донесена од страна на Владата на Република Македонија.

### 2. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Општина Македонски Брод,со цел обезбедување на социјалната заштита за нејзините граѓани ,ќе ги спроведува следните мерки и активности:

**А.** Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на следните категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба,согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2012 година

- лица со инвалидност,

-деца без родители и родителска грижа,

- деца со воспитно социјални проблеми,

- деца од еднородителски семејства,

- стари лица без семејна грижа,

- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол,

- тешко болни лица и приматели на терапија,

- лица погодени од елементарни непоходи,пожари и друго.

**Б.** Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население

**В.**Хоризонтално обележување на паркинг простор за лица со посебни потреби и изградба на пристапни рампи во објекти од јавен интерес

**Г.** Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност

**Д.** Обезбедување на бесплатен превоз на социјално загрозени семејства од населените места на општината до градот.

**Ѓ.** Поддршка на центарот за деца со посебни потреби

## 3. ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

**А.Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба.**

**1.Цел**

Целта за остварување на паричната помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита утврдена во Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита како и други законски и подзаконски акти во оваа област,општината да им излезе во пресрет на здравствено,финансиски или друг начин загрозените лица кои имаат потреба од социјална заштита и помош,а согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2012 година.

**2.Корисници**

Корисници на парична помош и други услуги од социјалната заштита,се следните категории на лица:

- инвалидни лица,
- деца без родители и родителска грижа,
- деца со воспитно социјални проблеми,
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол,
- деца со посебни потреби,
- тешко болни лица и приматели на терапија,
- стари лица без семејна грижа
- лица погодени од елементарни непоходи

**3.Мерки**

Врз основа на член 15-а ст. 2 и член 50-а ст. 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05,137/07,91/09,124/10 и 18/11 год.), член 36 ст.1 т 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и член 21 ст.1 од Статутот на општината Македонски Брод (Службен гласник на општина Македонски Брод 2/03) ,Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2011 год.ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица на на Т-Мобил Македонија на КП бр. 654 за КО Требовље**

1.Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација (во понатамошен текст:ЛУПД), за објект базна станица за потребите на Т-Мобил Македонија на КП бр.654 на за КО Требовље, за формирање на градежна парцела за изградба на објект базна станица.

2. Т-Мобил Македонија- Скопје да изработи Локална урбанистичката планска документација за изградба на објект базна станица.

3.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр. 07- 980 /11
30.11. 2011 год.
Македонски Брод

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за одржување на јавна чистота во општина Македонски Брод за 2012 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за одржување на јавна чистота во општина Македонски Брод за 2012 година ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2011 година.

Бр.08- 980/18 Општина Македонски Брод

05.12.2011година Градоначалник,

Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота(Службен весник на РМ бр 111/08), член 22 точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа(Сл.весник на РМ бр. 05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл. Гласник бр.02/03) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.11.2011 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2012 година**

**I.Вовед**

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2011 година и тоа:

- Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување, динамика, начин на вршење на работите ,одржување и обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Одржувањето на јавната чистота е во зависност од **:**

- густина на населеност
- фрекфенција на луѓе и моторни возила
- степен на нечистотија
- степен на пречки( паркирани возила и друго)
- инфраструктурните сообраќајни услови
- делувањето на градежната оператива,која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од **:**

- Машинско и рачно метење и миење на улиците како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота,
;
- Празнење на уличните корпи за отпад кои ќе се постават во поширокото централно градско подрачје;

- Одржување на јавните површини во зимски услови.

**II.Одржувањето на јавната чистота ќе го вршат дежурни метачи.**

Дежурните метачи ќе вршат рачно метење во поширокото централно градско подрачје, односно на ул.”Маршал Тито”, на ул. “Партизанска”,тротоарите, на плоштадот и кај паркот и празнење на уличните корпи за отпад и уличните пепелјари и тоа од 7до15 часот пет дена во седмицата.
Еднаш неделно на градскиот пазар (петок),
Два пати неделно на детските и спортските игралишта.

Чистењето на одводните канали и сливниците за атмосферски води ќе се врши по потреба или еднаш месечно.

Периферните делови на градот ќе бидат поделени на три реони и нивното чистење ќе биде два пати седмично.

**Реон I** ( населба Расадник) ги опфаќа следните улици и нвното чистење ќе се врши во понеделник и четврток:

ул.”15 –Бригада”
ул.” Мирче Ацев”
ул. “Јане Сандански”
ул.”Induce”

ул.”Поречка”
ул.”Михајло Пупин”
ул.”Песјак”

**Реон II** (населба Кале ) ги опфаќа следните улици и чистењето ќе се врши во вторник и петок:

ул”Илинденска”
ул.”Васко Карангелески”
ул.”Димитар Влахов”
ул.”7-ми Септември”
ул.”Кузман Јосифовски –Питу”
ул.”8 –ми Септември”

**Реон III** (Нова населба) ги опфаќа следните улици и чистењето ќе се врши во среда и сабота:

ул.”Илија Игески”
ул.”Кирил и Методиј”
ул.”11 –ти Октомври”
ул.”Ѓорче Петров”
ул.”Душан Митрески”
ул.”Браќа Миладиновци”
ул.”Крушевска Република”
ул “Пролетерска”
ул.”Кочо Рацин”
ул.”4 –ти Јули”
ул.”Првомајска”
ул.”Никола Карев”
ул.”Даме Груев”
ул.”Вук Караџиќ”
ул.”Сава Ковачевиќ”
ул.”25 –ти Мај”
ул.”Ѓуро Ѓаковиќ”
ул “Иво Лола Рибар”
ул.”Пере Тошев”
ул”.Ленинова”
ул.”Гоце Делчев”
ул.”Питу Гули”
ул.”Страшо Пинџур”
ул.”Јуриј Гагарин”
ул.”Сремски фронт”
ул.”Руѓер Бошковиќ”

Миењето на улиците ќе се врши во летниот период и тоа во ноќните часови почнувајќи од месец Јуни па се до крајот Септември .Интензитетот на миењето ќе биде еднаш седмично во

поширокото централно градско подрачје и периодично во периферните делови на градот. За таа цел ќе биде ставена во употреба една цистерна.
Во летниот период во време кога има бујна вегетација покрај тротоарите ,ЈП ќе ги коси тревнатите површини.За таа цел потребно е да набави две косачици т.н стилки(кои може да се користат не само за косење туку и за кастрење и се достапни на секое место.)
ЈП "Водовод и канализација" должно е да го собира отпадот од детските игралишта еднаш неделно.
Во зимскиот период во услови на снег дежурните метачи ќе работат на рачно чистење на снегот од тротоарите, пешачките патеки и плоштадот како и ослободување на сливниците за нормално функционирање на атмосферската канализација.
Исто така ќе вршат посипување со индустриска сол,машински и рачно.
Посипувањето со сол да се врши и пред главните влезови на јавните установи.

Чистењето на јавните објекти , дворни површини ,колективни и индивидуални објекти покрај редовното ќе се врши и вонредно со организирани акции два пати годишно и тоа еднаш напролет и еднаш наесен ,со претходно известување во медиумите. На тој начин на граѓаните и институциите во општината ќе им се овозможи да ги исчистат своите подруми и дворни места.

Чистењето на јавните површини после јавни манифестации,собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈП по претходен договор со организаторот на истите.

Јавните површини кои по пороjните врнежи се прекриени со наноси од песок и друг материјал ќе се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и се со приоритет пред другите активности.

Во населените места(руралните средини-Самоков) кои имаат урбанистички планови ќе се врши чистење на центарот и главната влезна улица еднаш седмично.
ЈП "Водовод и канализација" –Македонски Брод се задолжува да го одржува водоводот во с.Ижиште и с.Ореовец и да го собира сметот во с.Ижиште,с.Ореовец,с.Сувидол и с. Долни Манастирец.

Во текот на 2012година покрај редовните активности се планираат и низа други активности во соработка со еколошкото друштво “ТРЕСКА” , а една од активностите ќе биде и едуцирање на граѓаните и поттикнување за примарна селекција на отпад.За таа цел ќе се прават напори да се обезбедат контејнери за селекција на пластичниот и картонскиот отпад.

**III.Поставување садови за отпад и јавни санитарни јазли**

Согласно Законот за јавна чистота ќе се продолжи со поставување на улични корпи за отпад,почнувајќи од централното градско подрачје кон периферните делови на градот,особено на пофрекфентните места во градот (пред училиштата, кај детските игралишта,кај болницата и на сл.места)

За одржување на јавната чистота меѓу другото ќе се изградат и јавни санитарни јазли,кои во моментот ги нема.

**Чистење на диви депонии**

Физичкиот обем на работите и локалитетите се одредуваат месечно,според согледувањата на терен,од страна на Секторот за урбанизам ,комунални дејности,ЛЕР и животна средина.Исчистените диви депонии се потврдуваат со месечен преглед доставен од страна на Јавното претпријатие,а се одобруваат од Секторот за урбанизам ,комунални дејности,ЛЕР и животна средина.

**IV.Финансиски средства**

Потребните финансиски средства за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Македонски Брод се обезбедуваат од цената на услугата за изнесување на смет ,согласно Одлуката за за одржување на јавната чистота(Сл.гласник на општина МБ бр.07-202/8 од 26 .02.2010) **,** а се предвидени средства во буџетот на Општина Македонски Брод за 2012година во висина од 3. 100 000 денари.

Вонредните, зголемени активности за чистење на јавните површини,поради организирани собири и манифестации, се изведуваат по налог на Секторот за урбанизам ,комунални дејности ЛЕР и животна средина и се финансираат од страна на организаторот,согласно Ценовникот за вршење на дополнителни услуги.

**V.Извршител на Програмата**

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е ЈП “Водовод и канализација” – Македонски Брод.

ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод,изготвува годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, бројот на извршителите, ангажираната механизација,динамиката и степенот на услугата,како и финансиските показатели.

**VI.Надзор над извршување на Програмата**

Надзор над извршувањето на Програмата согласно Законот за јавна чистота врши надлежниот општински орган - Сектор за урбанизам ,комунални дејности,ЛЕР и животна средина.

Инспекциски надзор,над извршувањето на Програмата врши комуналниот инспектор на Општина Македонски Брод.

**VII.Завршна одредба**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Македонски Брод."

Бр.07-980/13
30.11.2011г.
Македонски Брод

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за одржување на јавна чистота на територијата на општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за одржување на јавна чистота на територијата на општина Македонски Брод** , што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2011 година.

Бр.08- 980/18
05.12.2011година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 10 од Законот за јавна чистота (Сл.весник на РМ бр.111/08, 64/09, 88/10 , 114/10 , 130/10 , 23/11 и 53/11) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),а согласно член 21 став1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр.03/2003 ),советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11 . 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се регулира одржувањето на јавната чистота на јавните површини,начинот на користење на јавните површини и собирање на сметот,чистењето на снег и мраз,отстранување на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота,како и мерки за спроведување на одлуката.

**Член 2**

Одржување на јавната чистота е чистење (метење и миење) на јавните површини и отворени простори на јавни објекти,како и чистење на снег во зимски услови.

Собирање на смет е отсранување на создадениот смет од одржувањето на јавната чистота на јавните површини и објектите и сместување во садови за смет.

**Член 3**

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини и отворени простори на јавниобјектисевршинаулици,тротоари,велосипедскипатеки,кејови,подвозници,надвозници ,плоштади,паркиралишта,мостови,паркови,улични тревници,автобуски и такси постројки,јавни телефонски говорници,пазари,спортско рекреативни објекти,јавни санитарни објекти,јавни капалишта и отворени простори на други јавни објекти.

## 2 . УСЛОВИ И НАЧИН НА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

**Член 4**

Одржувањето на јавната чистота,како и чистење на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини го врши ЈП Водовод и канализација Македонски Брод.

Корисниците,односно сопствениците на отворените простори на јавни објекти (училишта и градинки,локални установи,индивидуални и колективни станбени згради) се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини,редовно да го отстрануваат сметот од истите,како и редовно да го чистат снегот и мразот во зимски услови.

**Член 5**

За вршење на работите за одржување на јавната чистота од член 4 став 1,Општина Македонски Брод донесува Годишна програма која ќе ги содржи видот и обемот на работите што треба да се извршат,финансиските средства,временските рокови за извршување на работите,динамиката и начинот на вршење на работите,како и обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти..

**Член 6**

Локациите за поставување на садови за отпад на територијата на општината ќе ги утврди општината согласно програмата.

Поставување на садовите за отпад ќе го врши ЈП.Водовод и канализација.

**Член 7**

На јавните површини и отворените простори на јавните површини е забрането

-фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут)

-фрлање и оставањена хартија,отпушоци,гуми за џвакање,амбалажи,земја,отпадоци од растенија,песок и други отпадоци определени за таа намена

-фрлање,односно оставање на смет од вршење на дејности и од домаќинствата покрај контејнери и други садови за собирање на смет

-фрлање,односно оставање на смет од вршење на дејности и од домаќинствата во и покрај украсните корпи за отпадоци

- оставање на стари предмети од домаќинствата покрај садовите за соборање на смет

- палење,закопување и уништување на смет

- оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни,живина и птици во садови за отпад

- колење на кокошки,друга живина и животни

- испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти

- истурање и испуштање на течности во садови за отпад,на улици,во канали,реки

- сечење,складирање,цепење на дрва,јаглен и слично

- оставање на запрежни коли,трактори,земјоделски машини и алатки

- чување и напасување на крупен добиток и живина

- продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи

- превоз на песок,земја,цемент,глина,земјоделско ѓубре,сено,отпад или слични материјали без претходна подготовка и поклопување на материјалите со поклопец

- поправање,сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи

- оставање на нерегистрирани,хаварисани возила,приколки и камп приколки

- мешање на бетон,малтер и други градежни материјали,освен на оформена градежна парцела

- растурање на сметот и претурање по смет од вреќи,контејнери и други видови садови за собирање на смет

- фрлање на смет од било кој кат од станбена зграда или куќа,во двор

- поставување на контејнери и други видови садови за собирање на смет надвор од определените места за нивно поставување,согласно со нивната намена

- палење и уништување на садовите за собирање на смет

-истурање на пепел,жар,други лесно запаливи и корозивни материјали кои предизвикуваат палење и уништување на садовите за собирање на смет

- уништување на урбаната и друга опрема (клупи,фонтани,билборди и друго)

- плукање или секнење нос на јавни површини

- лепење на плакати на било кое јавно место

- вршење на физиолошки потреби

**Член 8**

На отворените простори на јавните објекти се забранува

- фрлање и оставање на предмети од домаќинствата

- фрлање и оставање на лисја,гранки,корења од растенија и друг растителен отпад

- фрлање и оставање на песок,отпадоци од градежен материјал,разни видови на амбалажа и други отпадоци

- оставање на смет од вршење на дејности на правни и физички лица покрај садовите за собирање на смет

- палење,закопување и уништување на смет

- оставање мртви животни,живина и птици

- испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти

- миење на возила и камп приколки,предмети од домаќинствата

- сечење,складирање на дрва,јаглен и слично

- производство,печење на вар и дрвен јаглен,како и складирање и чување на градежен материјал без издадена дозвола од надлежен орган

- поправање,сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи

- оставање на нерегистрирани.хаварисани возила,приколки и камп приколки

- оставање на измет од домашни животни и миленичина

**Член 9**

Сопствениците на мртви домашни миленици,други мртви животни и птици се должни да го известат ЈП Водовод и канализација кој ќе изврши транспорт и закопување на труповите од мртви животни,живина и птици во нивно име со соодветна надокнада.

**Член 10**

Општината со одлука ќе определи посебна локација и начин на оставање на стари предмети од домаќинства и друг габиретен отпад,локација за оставање на растителен отпад и локација за закопување на трупови и остатоци на мртви животни,живина и птици

**Член 11**

Сопственикот,односно лицето кое управува со јавен објект е должен да ја одржува јавната чистота во јавниот објект и неговата дворна површина,при што треба да обезбеди

-редовно чистење и одржување на просториите во објектот

-садови за фрлање на отпадоци

-инсталациите во санитарните јазли да бидат исправни и чисти и да обезбеди тоалетна хартија,машина за сушење на раце или хартија во секое време.

**Член 12**

Правните и физичките лица сопственици на објекти,односно сопственици и корисници на отворените простори на јавни објекти што се за редовна употреба на овие објекти се должни тие простори редовно да ги одржуваат на тој начин што нема да создаваат смет и други отпадоци,како и да го одржуваат зеленилото на тие простории.

**Член 13**

На јавни објекти забрането е испишување на графити,цртање и лепење на плакати.

Во внатрешноста на јавните објекти забрането е фрлање на отпадоци,плукање,фрлање на отпушоци,гуми за џвакање и други предмети или внесување на домашни миленичиња,освен со одобрение на управителот на објектот.

**Член 14**

Организаторот на јавни манифестации (културни,спортски и други)на митинзи,прослави и други собири се должни веднаш по завршувањето на манифестацијата,односно по собирите сметот направен од учесниците на манифестацијата,односно собирот да го соберат и да го остават на определено место предвидено за таа намена.

Доколку организаторот од став 1 на овој член,не го исчисти сметот направен од учесниците на манифестацијата,ниту побара услуга од ЈП Водовод и канализација,сметот ќе биде исчистен од страна на ЈП Водовод и канализација на сметка на организаторот.

**Член 15**

При посета на излетничките места,посетителите се должни при заминувањето од излетничкото место да го исчистат сметот што го создале и да го остават на определено место предвидено за таа намена.

**Член 16**

Во зимски услови при снежни врнежи,ЈП Водовод и канализација е должно да го очисти снегот и мразот на јавните површини и отворените површини на јавните објекти од јавните површини,освен на локалните патишта и улици,најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи и работата да ја извржува се додека наложуваат условите,со што ќе се обезбеди непречен пристап на јавните површини.

Во зимски услови при снежни врнежи,сите сопственици,односно корисници на објекти се должни веднаш да започната со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

## 3. СРЕДСТВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

**Член 17**

За одржување на јавната чистота се плаќа надомест.

Висината на надоместокот од став 1 на овој член ја утврдува советот на општина Македонски Брод.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користата за финансирање на работите на јавната чистота.

## 4.НАДЗОР И МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

**Член 18**

Инспекциски надзор над примената на оваа одлука врши општинскиот комунален инспектор согласно Законот за јавна чистота.

Контрола над одржувањето на јавната чистота согласно оваа одлука вршат комуналн

**Член 19**

При вршење на инспекциски надзор,општинскиот комунален инспектор проверува дали

-редовно се одржува јавната чистота на јавните површини од Јавното претпијатие или друго правно лице на кои му се доверени работите на одржување на јавната чистота

-се одржува јавната чистота на отворени простори на јавните облекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување

-се чисти снегот

-се обезбедени садови за фрлање на отпадоци во внатрешноста,односно ходниците на јавните објекти и во санитарните јазли

-при одржување на јавни манифестации е остранет сметот и

-на излетнички места е остранет сметот.

**Член 20**

При вршењето на инспекцискиот надзор општинскиот комунален инспектор за утврдените неправилности составува записник и донесува решение со определување на рок за отстранување на неправилностите.

Против решението на општинскиот комунален инспектор може да се поднесе жалба до Комисијата,формирана од страна на градоначалникот на општината.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Член 21**

Ако во рокот определен во решението на општинскиот комунален инспектор,лицето не постапи по решението,остранување на сметот односно чистењето на снегот ќе го изврши ЈП Водовод и канализација на сметка на лицето наведено во решението.

## 5.ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

За непочитување на оваа одлука ќе се применуваат прекршочните одредби определени во Законот за јавна чистота.

## 6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Одредбите од оваа одлука не се однесуваат на одржување на јавната чистота во вонредни околности и во услови на елементарни непогоди.

**Член 24**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи одлукат одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Македонски Брод,бр. 07-1137/4 од 24. 11 . 2008 година.

**Член 25**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Бр. 07- 980/12

30.11.2011година

Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод

П р е т с е д а т е л ,

Драге Јосифоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за унапредување на родова рамноправност на локално ниво за 2012 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на Програмата за унапредување на родова рамноправност на локално ниво за 2012 година ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2011 година.

Бр.08- 980/18 Општина Македонски Брод

05.12.2011година Градоначалник,

Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 16 став 4 од Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените ( Службен весник на РМ бр. 66/06), член 36 од Законот залокална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 21од Статутот Општина Македонски Брод , Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30. 11.2011 година, ја донесе следната,

**ПРОГРАМА**
**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТНА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2012 ГОДИНА**

**1. Активности за подигање на свеста за пријавување на семејното насилство:**

- Собирање и анализа на податоци,
- Организирање на јавни трибини и советување од стручни лица,
- Изготвување брошури и нивна дистрибуција,
- Вклучување на медиуми (информативни емисии, дебати),
- Поддршка на НВО-и кои работат на полето на семејно насилство,
- Соработка со организации и здруженија кои работат на оваа проблематика,
- Во износ од **______________________________________**50 000 денари

**2. Активности за превенција во борбата против дрогата,**

- Собирање податоци за состојбата со употребата на дрога меѓу младите во Општина Македонски Брод,
- Поддршка на проекти од областа на превенција во борбата против дрогата,
- Соработка со институции кои работат на полето на превенции во борба против дрогата кај младите
- Во износ од **____________________________________** 60 000 денари

**3**.Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**4**.За буџетската 2012 година за реализација на горе споменатите активности се предвидени средства во висина од 110 000 денари.

**Бр. 07-980/14**
**30.11.2011г.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Македонски Брод** **Претседател,**

**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за отстапување на основно средство - возило на ЈП„Водовод и канализација „ - Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за отстапување на основно средство - возило на ЈП„Водовод и канализација „ - Македонски Брод ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2011 година.

Бр.08- 980/18
05.12.2011година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003),а по барање на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Ноември 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За отстапување на основно сретство-возило на ЈП Водовод и Канализација“ Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука на ЈП “Водовод и канализација од Македонски Брод, се отстапува на користење основно сретство-возило,марка лада караван,сопственост на ОЈУ детска градинка „7-ми Септември“од Македонски Брод.

**Член 2**

Основното сретство-возило, марка лада утврдено во член 1 од оваа Одлука се отстапува на трајно користење без надоместок.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 07- 980/15**
**30.11.2011 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за отстапување на движни ствари на Ловна група**

Се прогласува **Одлуката за отстапување на движни ствари на Ловна група** , што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2011 година.

Бр.08- 980/18
05.12.2011година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Ноември 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За отстапување на движни ствари на Ловна група**

**Член 1**

Со оваа Одлука на Ловната група од с.Пласница, и се отстапуваат на користење движни ствари - 5 кревети,сопственост на СОУ „Свети Наум Охридски“од Македонски Брод.

**Член 2**

Движните ствари, утврдени во член 1 од оваа Одлука се отстапуваат на трајно користење без надоместок.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 07- 980/16**
**30.11.2011 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за отстапување на недвижна ствар –училишна спортска сала на користење и управување на СОУ„Св.Наум Охридски„ Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за отстапување на недвижна ствар –училишна спортска сала на користење и управување на СОУ„Св.Наум Охридски„ Македонски Брод** , што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2011 година.

Бр.08- 980/18
05.12.2011година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,

Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) а согласно член 3 од Договорот за регулирање на меѓусебните односи при изградба на училишната спортска сала Бр.08-352/1 од 08.04.2010 год. Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Ноември 2011 година, донесе

# О Д Л У К А

## За отстапување на недвижна ствар-училишна спортска сала на користење и управување на СОУ „Свети Наум Охридски“ Македонски Брод

### Член 1

Со оваа Одлука на СОУ „Свети Наум Охридски“ од Македонаки Брод,се отстапува на користење и управување недвижна ствар-училишна спортска сала која се наоѓа на КП.бр.3247 заведена во ИЛ.бр.2372 за КО Македонски Брод.

### Член 2

Недвижната ствар утврдена во член 1 од оваа Одлука со вкупна површина од 645м2 се отстапува на трајно користење и управување без надоместок.

### Член 3

СОУ „Свети Наум Охридски“ Македонскио Брод е должно тековно и инвестиционо да го одржува објектот и да го користи наменски исклучиво за училишен спорт и рекреација.

### Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 07- 980/17**
**30.11.2011 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на чл.36 ст.1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски 2/03 ) по доставено барање од Смилески Мирко од Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2011 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод не го прифати барањето за одобрување на финансиски средства за пријавување на пронајдоци поднесено од од Смилески Мирко од Македонски Брод .

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Македонски Брод

**Бр.07- 985/2**
**30. 11.2011година**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драге Јосифоски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А


Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за изградба, одржување и заштита на локални патишта во Општина Македонски Брод за 2012 година.....................................................................................................................стр.2

Заклучок за усвојување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта во Општина Македонски Брод за 2012 година ...................................стр.3

Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2012 година .....................................................стр.4

Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за локален развој на Општина Македонски Брод за 2012 година ...................................................стр.11

Програма за локален развој на Општина Македонски Брод за 2012 година......стр.12

Заклучок за усвојување на Програмата за локален развој на Општина Македонски Брод за 2012 година ...........................................................................................стр.22

Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за развој на културата во Општина Македонски Брод за 2012 година ...........................................стр.23

Програма за развој на културата во Општина Македонски Брод за 2012 година.......................................................................................................................стр24

Заклучок за усвојување на Програмата за развој на културата во Општина Македонски Брод за 2012 година ........................................................................стр.29

Заклучок за усвојување на Програмата за социјална заштита на Општина Македонски Брод за 2012 година .........................................................................стр.30

Програма за социјална заштина во Општина Македонски Брод за 2012 година.......................................................................................................................стр.31

Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за социјална заштита на Општина Македонски Брод за 2012 година.................................................стр.38

Заклучок за усвојување на Програмата за заштита на животна средина на Општина Македонски Брод за 2012 година ..........................................................................стр.39

Програма за заштита на животната средина и природата за 2012 година .........стр.40

Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за заштита на животна средина на Општина Македонски Брод за 2012 година..............................стр.44

Заклучок за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Р.М. на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2012 година.......................................................................................................стр.45

Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2012 година .......................................................................................................стр.46

Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Р.М. на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2012 година ....................................................................стр58

Заклучок за усвојување на Програмата за спорт и рекреација во Општина Македонски Брод за 2012 година ........................................................................стр59

Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за спорт и рекреација во Општина Македонски Брод за 2012 година ...........................................стр.60

Програма за спорт и рекреација на Општина Македонски Брод за 2012 година .......................................................................................................................стр.61

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица на Т-Мобил Македонија на КП бр.145 за КО Брезница .....................................................стр.64

Одлука за утврдување на потреба од израбока на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица на Т-Мобил Македонија на КП бр 145 за КО Брезница ..................................................................................................стр.65

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изгредба на Локална урбанистичка пшланска документација за изградба на објект базна станица на Т-Мобил Македонија на КП бр 654 за КО Требовле ....................................................стр.66

Одлука за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица на Т-Мобил Македонија на КП бр 654 за КО Требовле ..................................................................................................стр.67

Заклучок за  прогласување на  Заклучокот за усвојување на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Македонски Брод за 2012 година ................стр.68

Програма за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за2012 .......................................................................................................................стр.69

Заклучок за прогласување на Одлуката за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Македонски Брод ..........................................................стр.73

Одлука за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Македонски Брод .....................................................................................................................стр.74

Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за унапредување на родова рамноправност на локално ниво за 2012 година ...................стр.82

Програма за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2012 година.......................................................................................................................стр.83

Заклучок за прогласување на Одлуката за отстапување на основно средство – возило на ЈП „Водовод и Канализација“ – Македонски Брод .......................................стр.84

Одлука за отстапување на основно средство – возило на ЈП „Водовод и Канализација“ - Македонски Брод .......................................................................стр.85

Заклучок за прогласуање на Одлуката за отстапување на движни ствари на Ловна група ........................................................................................................................стр.86

Одлука за отстапување на движни ствари на Ловна група.................................стр.87

Заклучок за прогласување на Одлуката за отстапување на недвижна ствар – училишна спортска сала на користење и управување на СОУ „Св. Наум Охридски“ – Македоски Брод ..........................................................................................................стр.88

Одлука за отстапување на недвижна ствар – училишна спортска сала на користење и упревување на СОУ „Св. Наум Охридски“ Македонски Брод ...................................стр.89

Заклучок .....................................................................................................стр.90